Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 569 www.mchamber.mk 31.05.2024

## ВАЖНОСТА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС И УЛОГАТА НА БИЗНИСОТ ВО КРЕИРАЊЕ НА ПОКВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ




## АСОЦИЈАЦИЈАТА ЗА ПОДДРШКА НА МЕДИЈАЦИЈАТА И НАРОДНАТА БАНКА СО АКТИВНОСТ ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА МЕДИЈАЦИЈАТА

## БИЗНИСОТ СО ГРЦИЈА, СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ СО МИЗО И СТАРТОТ НА НОВАТА ВЛАДА

## МАПИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ОРГАНСКИОТ ОТПАД И ИЗНАОЃАЊЕ РЕШЕНИЈА

**04.06.2024, Семинар**
„СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ПРЕГОВОРИ И НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА"

**11.06.2024, Семинар**
Специјалистички еднодневен семинар: АКВИЗАЦИЈА НА НОВИ КЛИЕНТИ - СТЕКНУВАЊЕТО НА НОВИ ПОТРОШУВАЧИ КАКО КЛУЧНА МОЖНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА -

**11.06.2024, Семинар**
САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ - ТРАНЗИЦИЈА ОД ISO/IEC 27001:2013 на ISO/IEC 27001:2022

**11.06.2024, Семинар**
ДОГОВОРИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, РАБОТНО ВРЕМЕ, НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕКУВРЕМЕНАТА РАБОТА И ПРЕРАСПОРЕДУВАЊЕ, ГОДИШЕН ОДМОР, НАДОМЕСТ НА ПЛАТА, ДИЛЕМИ ПРИ ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ СО КОИ СЕ СОЧУВАМЕ СО НАЈНОВИТЕ ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ

**12.06.2024, Брокерски настан**
Деловни средби со физичко присуство „Овозможување на напредок: Индустрија 4.0 во Западен Балкан-12-13 јуни 2024 година, Нови Сад, Р.Србија

**12.06.2024, Семинар**
„КОМУНИКАЦИЈА ЗА УСПЕХ, РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ И СТРЕС МЕНАЏМЕНТ НА РАБОТНОТО МЕСТО"

**13.06.2024, Конференција**
Конференција и деловни средби: Продлабочување на економската соработка меѓу Грција и Северна Македонија

**13.06.2024, Семинар**
НАПРЕДЕНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ ЗА БРЗО КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ

**18.06.2024, Семинар**
ЕРГОНОМИЈА КАКО ОСНОВА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ОД МУСКУЛОСКЕЛЕТНИ ЗАБОЛУВАЊА

**18.06.2024, Семинар**
КАКО ДА КРЕИРАТЕ РАЗЛИЧНИ CONTENT ФОРМАТИ ЗА ВАШИТЕ УСЛУГИ?

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители






Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## Асоцијацијата за поддршка на медијацијата и Народната банка со активност за заедничка популаризација на медијацијата



Народната банка, заедно со другите финансиски регулатори, ја организираше редовната работна средба на регулаторите, приватниот и граѓанскиот сектор за следење на спроведувањето на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија. На средбата, со цел поголема популаризација и користење на медијацијата како една од најдобрите начини за решавање на одреден спор, пред повеќе од 30 присутни, беше одржано предавање на тема: „Медијацијата како алатка за ефикасно и економично решавање на споровите, вклучително и во областа на финансиите", од страна на д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска, претседателка на Асоцијацијата за поддршка на медијацијата при Стопанската комора на Северна Македонија. Искуствата пренесени во оваа презентација се очекува да придонесат за промоција на медијацијата во доменот на финансиските услуги, како начин за поддршка на финансиската инклузија и заштитата на потрошувачите на финансиски производи и услуги во нашата земја.

Средбите кои се одржуваат два пати во текот на годината овозможуваат редовен дијалог помеѓу финансиските регулатори, субјектите од приватниот и граѓанскиот сектор вклучени во активностите за финансиска едукација. Размената на предлози и искуства за зајакнување на финансиската инклузија и заштитата на потрошувачите во финансискиот систем, обезбедува успешно спроведување на Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија.Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија обезбедува координиран пристап на национално ниво и стратегиска рамка којашто го препознава значењето на едукацијата, овозможува инклузија и координираност на сите релевантни страни и дефинира мапа на активности за ефективно постигнување на целите.

Асоцијацијата за поддршка на медијацијата (АПМ) при Стопанската комора на Северна Македонија е формирана во 2016 година со цел промоција, афирмација и поголемо користење на медијацијата во нашата земја заради искористување на сите нејзини бенефити: брзина, доброволност, економичност, ефикасност, рамноправност на страните, доверливост на целата постапка и немање достапност на информации, извршност доколку Спогодбата постигната по пат на медијација се солемнизира на нотар и сл. Од формирањето на АПМ до денес, самостојно или со поддршка на домашни и меѓународни институции, АПМ има организирано над 50 бесплатни настани, обуки, предавања, семинари, конференции и сл. со учество од повеќе од 2.500 заинтересирани страни.

# ВАЖНОСТА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС И УЛОГАТА НА БИЗНИСОТ ВО КРЕИРАЊЕ НА ПОКВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ







Унапредување на врската меѓу високото образование и реалниот сектор; зголемување на можностите за вработување на младите преку директен пристап до реномирани институции и прикажување на можностите за студирање на младите на Универзитетот „Гоце Делчев" беше целта на настанот „Отворениот ден и каририерен развој" што се одржа во просториите на Мултимедијалниот центар на Економскиот факултет во Штип, во реализација на Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип со поддршка на Стопанската комора на Северна Македонија.

Одржувањето на отворениот ден беше одлична можност за идните студенти преку презентации и дебати да ја види поврзаноста на универзитетот кои продуцира кадри и бизнис заедницата која го апсорбира производот од високообразовните институции.

Во своето обраќање, Ректорот на универзитетот, д-р Дејан Мираковски, истакна дека овој настан е вистинска можност идните, но и сегашните студенти да се информираат за можностите за идно вработување, начините на реализација на вработувањето, условите, очекувањата во нивната идна кариера, како и да се запознаат со своите идни работодавачи, додека за



работодавачите ова е можност да изберат добри идни кадри кои ќе ги остручат во своите компании и организации.

Според Ректорот Мираковски, бизнис секторот е сè поприсутен и директно соработува со единиците на универзитетот, а постојат примери на компании коишто даваат солидни стипндии и овозможуваат платена практична работа за стидентите.

Извршниот директор на Стопанска комора на Република Северна Македонија, Антони Пешев истакна дека на Македонија ѝ е потребно брзо прилагодување кон новите трендови, како и кон новата индустриска револуција. Според Извршниот директор Пешев, Стопанската комора инвестира свои средства во образованието и во тој сегмент се јавува ситуација во која полека универзитетите стануваат наш партнер, и по бројот на проекти, а и во делот на обезбедување работна сила за потребите на нашите членки.

„Доминираат секторите каде се користи софистицирана опрема и сегментите во кои ќе се бара високообразована работна сила и сега сме во период во кој ќе има голема промена во делот на едуцираноста на работната сила. Без едуцирана работна сила нема да имаме можност да бидеме конкурентни на светските пазари. Промената на технологијата со воведувањето на вештачката интелигенција бара навистина школувани млади луѓе и се надевам дека овој тренд ќе продолжи понатаму, не само како кариерен ден, туку како една агенција во рамки на Универзитетот, која ќе се грижи за тоа да ги промовира студентите пред компаниите, а од друга страна и компаниите и нивните барања да ги промовира пред студентите, и да им овозможи уште пред да ги завршат студиите да се запознаени со пазарот на работна сила. Само на тој начин можеме да направиме работна сила која ќе биде коректно платена и ќе направиме простор да младите луѓе не по секоја цена бараат да ја напуштат државата" - изјави Пешев.

Во своето обраќање градоначалникот на Штип, Иван Јорданов, рече дека за вистински развој на реалниот сектор на општината и, пред сè, на стопанството е многу значајна комуникацијата и соработката што ја имаат УГД и институциите -локалната самоуправа, како и комуникацијата и соработката со реалниот сектор, инвеститорите и оние кои креираат работни места.

Во продолжение на Отворениот и кариерен ден беше организирана панел-дискусија на тема „Важноста на високото образование за македонскиот бизнис и улогата на бизнисот во креирање на поквалитетно образование" на која свои обраќања имаа проф. д-р Дарко Лазаров, Проректор на УГД за инвестиции и развој; м-р Наташа Јаневска, Претседател на Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките при СКСМ, м-р Бобан Кочовски, менаџер за човечки ресурси на Лион ДОО, Свети Николе и Дејан Маџоски, менаџер за човечки ресурси на НЛБ Банка АД Скопје.

На панел дискусијата беше истакнното дека за креирање стручен кадар со високообразовни квалификации кој веднаш ќе се адаптира во работната средина и на модерните текови, неизбежна е соработката со бизнис заедницата.

## МАПИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ОРГАНСКИОТ ОТПАД И ИЗНАОЃАЊЕ РЕШЕНИЈА



Стопанската комора на С. Македонија, во соработка со швајцарските програми за поддршка Swiss Import Promotion Programme (SIPPO) and the Swiss Increasing Market Employability Programme (IME), неодамна започна со примена на проект за мапирање на индустрискиот биоотпад во нашата земја, со цел изнаоѓање решенија за циркуларна економија и за рециклирање на биоотпадот кој се генерира од секторот земјоделство.

Во рамките на овој проект, на 28 и на 29 мај 2024 г. во Стопансаката комора на С. Македонија се одржаа работилници на кои се презентираа циркуларни бизнис-модели за подобро управување со биоотпадот во нашата земја, што претставува еден од клучните сегменти за развој на одржливото работење на македонските компании. Циркуларните бизнис-модели се развиени на база на податоци од македонскиот земјоделски сектор, опфаќајќи ги потсекторите лозарство и винарство, производство на свежо овошје и зеленчук , преработка на овошје и зеленчук – конзервна индустрија и сточарство .

Со оглед на тоа што одржливоста станува услов што повеќе нема да претставува предмет на преговори за компаниите, особено имајќи ги предвид зголемените очекувања на потрошувачите и на регулаторните тела во ЕУ, земјоделскиот сектор се соочува со императив да се приспособи на промените и да ги приспособи насоките за одржливо производство. Стопанската комора преку овој проект има цел да дизајнира приспособени



модели на кружна економија фокусирајќи се на намалување на создавањето отпад, промовирање на повторната употреба и на рециклирање и минимизирање на влијанието врз животната средина. Понатаму, со интегрирање на концептите на циркуларна економија бизнисите можат да ја подобрат својата конкурентност на меѓународните пазари, обезбедувајќи усогласеност со регулативите и зајакнување на конкурентноста и придонесувајќи за долгорочна одржливост на животната средина.

Во денешниот деловен свет одржливоста повеќе не е опција, туку услов. Има потенцијал да стане конкурентна предност за оние бизниси кои успеваат да го градат својот бизнис-модел околу одржливоста. Одржливоста може да биде двигател на трансформацијата, како што се покажа дигитализацијата во претходните години. Потрошувачите и регулаторите, особено во Европската Унија, сè повеќе очекуваат компаниите/добавувачите да ја покажат својата посветеност на одржливоста. Циркуларната економија е клучен дел од одржливоста и поважно од кога било за компаниите е да применат практики на циркуларна економија во својот бизнис за да останат конкурентни и за да се приспособат на променливото деловно опкружување. Европската унија и сродните регулативи станаа двигател за одржливост и за кружна економија. Економските предности на овие практики ги прават витални за долгорочен успех.

Од друга страна, управувањето со отпадот станува голем проблем во земјава. Следејќи ги регулативите на ЕУ, приватниот сектор треба да развие сопствени бизнис-модели за рециклирање и за циркуларна економија за да ги следи новите регулативи за практики за управување со отпад. Стопанската комора, која е активна во земјава на оваа тема, е една од главните организации кои апелираат до Владата и кои бараат можности за воведување нови услуги кои ќе му помогнат на приватниот сектор.

Стопанската комора, со формирањето на Центарот за циркуларна економија, претставува првата инфраструктура во земјава која целосно ќе го насочи својот капацитет кон промоција и кон примена на бизнис-модели кои можат да одговорат на влијанието на климатските промени и да обезбедат опција за циркуларна економија.

Целата активност и соработка меѓу двете швајцарски програми (SIPPO и IME) е во насока на вклучување комплементарни интервенции кон комората за развој на модели за циркуларна економија на биоотпадот во државата, преку која, исто така, се спроведува сеопфатно мапирање насочено кон идентификување на компаниите во секторот земјоделство низ целата земја за да се проценат вкупните количества на органски отпад што се создаваат од земјоделскиот сектор, категоризирање на видовите произведен биоотпад и добивање на неговите енергетски вредности и евалуација на тековните практики за управување со отпад што ги користат овие компании.

# БИЗНИСОТ СО ГРЦИЈА, СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ СО МИЗО И СТАРТОТ НА НОВАТА ВЛАДА



И минатиот пат констатиравме и сега повторуваме дека после изборите работите добиваат на интензитет. Минатата недела беше ефикасна на секаков план. Но, оваа што претстои најавува нови активности од интерес за компаниите.

На 29 и 30 мај Коморскиот инвестициски форум во Солун го организира Третото издание на Коморската академија, наменета за искуства и најдобри практики помеѓу коморите од Западен Балкан, но компаративно и со западно-европските комори. Фокусот на овогодинешната академија ќе биде на коморските услуги, кои се насочени кон овозможување на поддршка на компаниите од Западен Балкан во интегративните процеси кон единствениот пазар на ЕУ.

Следната недела на 5 и 6 јуни, генералниот секретар на КИФ д-р Татјана Штерјова Душковска во Атина ќе учествува на 29-тиот форум за електрична енергија на Европската енергетска заедница. Таа ќе биде панелист и ќе се фокусира на предизвиците на енергетската транзиција.

На 13 јуни нашата комора организира Бизнис форум со Унијата на грчките комори во Солун, како дел од активностите на Асоцијацијата на балканските комори. Ќе имам средба и со мојот колега Масутис, а ќе го посетиме и Солунското пристаниште. Во овие деловни средби досега се пријавени околу 50 компании, но ве повикувам доколку има интерес, да ни се придружат и другите, имајќи предвид дека Грција традиционално е меѓу нашите најголеми трговски партнери.

Овде посебно сакам да го нагласам минатонеделниот избор на господинот Виктор Мизо, наш потпретседател за претседавач на бордот на „Македонија 2025“. Со тоа Комората го зголемува своето заедништво со најзначајните бизнис асоцијации кои што работат во интерес на својата држава и на тој начин игра значајна улога во контролирањето на државните економски политики. Тоа е во согласност со нашата политика, потврдена во декларацијата, донесена на 100 годишнината од нашето основање.

Во секој од овие мои кажувања истакнувам по некој позитивен пример. Сега сакам тоа да го направам на еден мој специфичен начин со нашиот потпретседател Виктор Мизо, кој направи кариера за која сонуваат многумина.

Почна од Охрид, достигна до Менхетн, кога државата го повика да се врати назад, кога на Комората и требаше поддршка тој ѝ ја даде и сега го шири своето влијание насекаде во интерес на бизнисот. Ете одличен пример како секој може да придонесе за напредок на својата држава. Минатата недела имав работна вечера со газдата на „Костал“ Андреас Костал. Во разговорот неколку пати напомена дека доаѓањето на „Костал“ во Охрид е дело на Виктор Мизо, но уште позначајно што токму во таа фабрика се изработуваат најспецифичните делови со највисока технологија од производството во целата коорпорација. Најголема гаранција за тоа е Виктор Мизо. Ние ќе продолжиме со инвестициите, а неговото искуство и знаење ќе го шириме низ целиот свет каде што имаме фабрики. Навистина големи зборови за еден човек, кој со својата упорност ги руши сите бариери. Му посакувам на новата должност во „Македонија 2025“ да направи резултат како во Костал и во Комората.

Во моментов многу посветено работиме и на прецизирање на методологијата за соработка со новата Влада. Фокусирањето на извозот, иновативноста и продуктивноста, како основа на додадената вредност ќе бидат поле за наш најголем интерес и приоритет, но нема да бидат запоставени ни парафискалните давачки, регулаторната гилотиња, даночниот календар, член 218 од Законот за извршување, холдингот, итн. Во согласност со тие усогласување, ќе се прилагодиме и ние на кој начин најдобро ќе партиципираме во новата владина програма.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 04.06.2024**

# СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ПРЕГОВОРИ И НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА

При правилното склучување на клиентот се светат очите од задоволство. Кога ќе купи некој од Вашите производи или услуги станува имун за конкуренцијата и ќе започне да Ве препорачува на другите.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија на 4 јуни 2024 година организира семинар на тема: „СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ПРЕГОВОРИ И НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА“.

Обуката е наменета за:

- сопственици на компании и управители, кои сакаат нивните компании да растат;
- продавачи, кои сакаат да стекнат вештини за водење на продажна и да заработат повеќе,
- за сите останати кои не сакаат повеќе да импровизираат на продажните состаноци, односно сакаат да достигнат ниво кога клиентот самиот ќе се одлучи да купи кај нив.

Предности на обуката:

- 5 точки на правилниот распоред при склучувањето;
- Обликување на свесно - тактично склучување;
- Преговорите нема да бидат препуштени на случајноста или интуиција, бидејќи ќе течат според точно определено сценарио;
- Ефикасно владеење на изговорите;
- Зголемување на разбирањето и Вашата фокусираност при склучувањето на продажните преговори;
- Зголемување на приходи и ефикасност на продавачите.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



**Семинар 11.06.2024**

# Специјалистички еднодневен семинар: АКВИЗАЦИЈА НА НОВИ КЛИЕНТИ - СТЕКНУВАЊЕТО НА НОВИ ПОТРОШУВАЧИ КАКО КЛУЧНА МОЖНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА -

Тренер/предавач на Академијата за продажни вештини

Драгиша Ристовски (D.R. Gilbert) е еден од највлијателните и најплодните автори и тренери на теми поврзани со едукација и развој на човечки ресурси. Под псевдонимот D.R. Gilbert се објавени 23 книги (со дополнителни изданија) кои се преведени на шест јазици и пласирани преку 200.000 примероци. Во својата кариера имал прилика да одржи повеќе од 3000 обуки, семинари, работилници и конференциски настапи на кои земале учество преку 2500 компании, микро, мали и средни претпријатија од сите индустрии од десетина држави.

Има 30 години искуство во реалниот сектор од извршителски до топ менаџерски функции. Негови експертизи се областите лидерство, продажни вештини, преговарање и мотивација на вработените, а предавањата се на автентичен, исклучително енергичен начин со што константно ги мотивира и охрабрува слушателите.




Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 11.06.2024 - 12.06.2024**

# САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ - ТРАНЗИЦИЈА ОД ISO/IEC 27001:2013 на ISO/IEC 27001:2022

Во ера на дигитализација на работните процеси, дигиталната безбедност и приватноста се соочуваат со растечки предизвици. Оттука, несомнено се наметнува потребата од фокус врз дигиталната безбедност и врз навременото идентификување, пресретнување, како и соодветно и навремено одговарање на ризиците, за да се спречи одреден настан кој би имал негативен исход врз работењето на компанијата.

Компаниите кои се сертифицирани по ISPO/IEC 27001 стандардот за управување со безбедноста на информациите, во насока на обезбедување на континуитет во нивното работење треба да поведат внимание при ресертификација на стандардот, бидејќи истата од 1 мај 2024 година ќе мора да се спроведе според новата верзија ISO/IEC 27001:2022.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 11 и 12 јуни 2024 година организира „онлајн“ семинар на тема „САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ - ТРАНЗИЦИЈА ОД ISO/IEC 27001:2013 на ISO/IEC 27001:2022“.

Овој семинар ќе им овозможи на учесниците постепено да се запознаат со барањата на ISO/IEC 27001:2022 кои се разликуваат во однос на барањата на стандардот ISO/IEC 27001:2013, како и со најдобрите практики во рамки на ИТ безбедноста, чекорите кон превенција и заштита, како на ниво на компанија, така и на ниво на поединец.

Некои од прашањата на кои ќе се даде одговор се и како адекватно да се третираат ИТ заканите, кои превентивни и детективни мерки треба да се применат, како да се класифицираат безбедностните ризици и како да се управува со нив, кои се разликите помеѓу ISO/IEC 27001:2013 и ISO/IEC 27001:2022, што се' носи новата верзија на стандардот и како да се имплементираат барањата кои произлегуваат од стандардот.

Семинарот е наменет за ИТ-менаџери во компании, за раководители и вработени во сектори за управување со усогласеност (compliance) со стандарди и регулаторни барања, ИТ служби и служби за безбедност на информациониот систем, одговорни лица за заштита на деловните податоци и управување со оперативните ризици, интерни и екстерни ревизори, лица задолжени за креирање и контрола на ИТ договори и следење на ризици над екстернализираните ИТ процеси, вработени кои работат на развој на софтвер, деловни и клиентски апликации.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



**Семинар 12.06.2024**

# КОМУНИКАЦИЈА ЗА УСПЕХ, РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ И СТРЕС МЕНАЏМЕНТ НА РАБОТНОТО МЕСТО

Опис на програмата:

Еднодневен семинар со неколку практични работилници за: комуникација и комуникациски вештини во бизнис средина, поттикнување подобри релации во тимот и разрешување на конфликти во тимот, со клиентите и меѓу партнерските односи, менаџирање на стресот и анксиозноста на работното место и техники за нивно надминување со цел постигнување успешни резултати во работата.

Обуката е наменета за:

Сопственици на бизнис, раководители, тим лидери, членови на тимови и лица кои имаат секојдневна интеракција со членови на тимот, клиенти, партнери или поголеми групи на луѓе.

Програма и теми на обуката:

- Комуникација, вештини за комуникација и прилагодување на комуникацијата за различни потреби во малите и средни бизниси, вклучувајќи ги вработените, клиентите и партнерите;
- Подобрување на вештините за презентација;
- Емоционална интелигенција, емоционална и социјална интелигенција во комуникацијата, самосвест и социјални вештини за изградување стабилни односи;
- Вербална и невербална комуникација, техники и говор на телото;

Предавачи:

Леа Ефтимовска - Тренинг менаџер по бизнис администрација во Олив Џобс со 15 годишно искуство во настава, обука и развој во интернационални компании и различни индустрии и бизниси.

Стела Пијанманова Стојаноска – Проект координатор со 23 години искуство во реализација на меѓународни проекти, настани, односи со јавност, презентирање, стрес менаџмент и комуникација, бизнис администрација. Магистрант по Клиничка психологија.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

Конференција
13.06.2024

# Конференција и деловни средби: Продлабочување на економската соработка меѓу Грција и Северна Македонија

Согласно приоритетите на годишната програма на Асоцијацијата на Балкански комори за продлабочување на регионалната економска соработка, Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Трговско-индустриската комора на Солун, а во рамки на Проектот: "Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција", кој се спроведува во партнерство со УСАИД, Ве поканува да земете учество на конференцијата и деловните средби кои ќе се одржат на 13 јуни 2024 година, во Солун, Р.Грција.

Целта на посетата на македонската бизнис делегација и организирањето на билатералните деловни средби е понатамошно интензивирање на економските релации помеѓу двете земји, како и воспоставување нови, повисоки облици на соработка, осознавање на заедничките деловни интереси, развивање на идни партнерства помеѓу компаниите од повеќе различни сектори согласно пројавениот интерес.

На настанот свои обраќања ќе имаат претседателите на двете стопански комори во рамките на планираната конференција за перспективите за забрзување на транспортот и трговијата во регионот, по што ќе следат директни средби помеѓу македонските и грчките компании.

Настанот ќе се одржи на 13 јуни 2024 година (четврток), со почеток во 13:00 часот по локално време, во просториите на Трговско-индустриската комора на Солун, адреса: Tsimiski 29 - 546 24 Thessaloniki.

Учеството на деловните средби е без надомест, трошоците за хотелско сместување ќе бидат покриени од страна на Проектот, додека превозот е во сопствена организација на учесниците, на нивен трошок. Можноста за покривање на трошоците за хотелското сместување е ограничена за едно лице од компанија и тоа за максимум 25 компании по принципот прв дојден-прв услужен.

Лице за контакт: Влатко Стојановски, е-адреса: vlatko@mchamber.mk



Брокерски настан
18.06.2024 - 19.06.2024

# Покана за учество на брокерски настан "Tech4SmartCitie" - https://tech4smartcities-2024.b2match.io/ на 18 јуни 2024 година, Брисел, со физичко присуство - Enterprise Europe Network

9. издание на Tech4SmartCities ќе се организира заедно со GreenTech форумот во Брисел, во рамки на Enterprise Europe Network, на 18 јуни 2024 година (09:00 до 17:00 часот), Maison de la Poste, Брисел, само со физичко присуство.

Настанот со Б2Б средбите, се фокусира на одржливи и паметни дигитални технологии за градовите и за таа цел Стопанската комора на Македонија, ве поканува да учествувате и да откриете повеќе можности за бизнис соработка во областа на урбаната мобилност, енергетските перформанси, одржливата градба, кружноста, економичноста на јаглерод и дигиталната трансформација.

Учеството на Tech4SmartCities може да ви помогне да го најдете вашиот технички партнер за меѓународна соработка или проекти за истражување и развој.

Доколку имате иновативен проект/решение кое може да придонесе кон постигнување на целите за одржливост за намалување на стакленички гасови и дигиталниот отпечаток во градовите?

Доколку барате партнер за подобрување и развој на вашата технологија?

Главни теми за дискусија:

- Паметни градови и заедници, одржливи ИКТ за градовите
- Паметна мобилност и логистика
- Енергетска ефикасност на згради и области
- Обновливи извори на енергија, управување и обновување на енергијата, паметни мрежи и интеграција на енергетските системи
- Циркуларна економија и решенија засновани на природата за урбаните области
- Паметно, здраво и безбедно живеење.

Брокерскиот настан Tech4SmartCitie е бесплатен, ќе се одржи на 18 јуни 2024 година (09:00 до 17:00 часот) - Maison de la Poste, Брисел, но регистрацијата и активирањето на профилот се задолжителни https://tech4smartcities-2024.b2match.io/signup, рок до 14 јуни 2024 година.

Контакт лица:

Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Сашка Велков
++ 389 2 3244054
sashka@mchamber.mk

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

102

*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088